Во согласност со член 8 од Одлуката за наградите на општината Кочани ("Службен гласник на општина Кочани" Бр.9/2010, 6/2018 и 5/2019), Одборот за доделување на награди на општината Кочани, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за доставување на предлози за доделување на награда на општината Кочани за значајни остварувања за развојот на општината Кочани и награда за животно дело

**I.** Општината Кочани доделува **Награда на општината Кочани за значајни остварувања за развојот на општината Кочани.**

- Наградата за значајни остварувања за развојот на општината Кочани се доделува на поединци,група творци,екипи,установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.
- Наградата е во форма на плакета.

**II.** Општината Кочани доделува и **Награда на општината Кочани за животно дело.**

- Наградата на општината Кочани за животно дело е плакета и се доделува во случаи на исклучителни разултати и остварувања во областа на науката, иноваторството, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес , по претходна оценка на Одборот за доделување награди на општината Кочани.

**III.** Предлозите за доделување на наградите се доставуваат до Одборот за доделување награди на општината Кочани на адреса: Општина Кочани , ул. "Раде Кратовче" бр.1.

Предлозите треба да бидат образложени.

**IV.** Јавниот повик трае од 31.07.2026 година, до 25.08.2026 година.

Бр. 30-1376/3
30.07.2026 година
К о ч а н и

Одбор за доделување награди
на општината Кочани
Претседател
Александар Андов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КОЧАНИ